**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за усвојување на Деловникот за работа на Собранието на акционери
на Стопанска банка АД – Скопје

Скопје, мај 2026 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (Н.О. бр.44/27.04.2026 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје, на седницата одржана на 28.05.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
за усвојување на Деловникот за работа на Собранието на акционери
на Стопанска банка АД – Скопје

1. Се усвојува Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје.

2. Деловникот за работа на Собранието на акционери е составен дел од оваа Одлука.

3. Оваа Одлука и Деловникот за работа на Собранието на акционери стапуваат во сила со денот на нивното донесување од страна на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје. Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, донесен со Одлука С.О. бр. 481 од 31.05.2024 година.

С.О. бр. ----
28.05.2026 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

# **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со оглед на потребата од:

- усогласување на одредени делови од Деловникот за работа на Собранието на акционери со одредбите од Законот за трговските друштва,
- дополнително прецизирање и проширување на одделни одредби,
- како и унапредување на јасноста, конзистентноста и применливоста на Деловникот во практиката,

изготвен е ажуриран текст на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје.

Со предложената Одлука се усвојува ажурираниот Деловник како целосен и единствен важечки акт, при што со денот на неговото стапување во сила престанува да важи досегашниот Деловник донесен со Одлука на Собранието на акционери С.О. бр. 481 од 31.05.2024 година.